Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 16**

**02.11.2016**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за престанок на мандатот на член на Совет**

1.Го објавувам Решението за престанок на мандатот на член на Совет донесено на 55-тата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-919/1** **Општина Демир Хисар**
**02.11.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

513.Врз основа на член 46 став 1 алинеја 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02“) член 39 став 1 алинеја 1 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02) , а по барање на Емилија Тасеска од с.Света, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2016 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За претстанок на мандатот на член на Совет на Општина Демир Хисар**

1.На Емилија Тасеска досегашен член на Советот на Општина Демир Хисар од ВМРО ДПМНЕ -коалицијата му престанува мандатот на член на Советот на Општина Демир Хисар сметано од 31.10.2016 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О б р а з л о ж е н и е

Емилија Тасеска член на Советот на Општина Демир Хисар со функција советник на ден 25.10.2016 година поднесе писмена оставка до Советот на Општина Демир Хисар, поради заминување во странство.

При разгледувањето на оставката се констатира дека наводите се оправдани, па согласно законската регулатива се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Бр.17-894/2** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2016 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за избор на Верификациона комисија**

1.Го објавувам Решението за избор на Верификациона комисија донесено на 55-тата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-919/2** **Општина Демир Хисар**
**02.11.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

514.Врз основа на член 9 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.03/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.10.2016, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на Верификациона комисија**

1.Се избира Верификациона комисија за верификација на мандатот на новоизбраниот советник на општина Демир Хисар во состав:

За Претседател:
Дејан Босилковски

За членови:
-Саше Темелковски
- Горан Чамовски

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр.17-894/3 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 , 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за верификација на мандат на новоизбран советник на општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за верификација на мандат на новоизбран советник на општина Демир Хисар донесено на 55-тата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-919/3 Општина Демир Хисар**
**02.11.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

515. Врз основа на член 13 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар /“Сл. гласник на општина Демир Хисар“ бр.03/02 година/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.10.2016 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За верификација на мандат на новоизбран советник на општина Демир Хисар**

1.Се верификува мандатот на новоизбран советник на општина Демир Хисар дојден како нареден кандидат од листа на ВМРО-ДПМНЕ и тоа:

1. **Билјана Поповска**

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17-894/4 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 , 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (комулативно) за квартал 01.01.2016 до 30.09.2016 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (комулативно) за квартал 01.01.2016 до 30.09.2016 година донесен на 55-тата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-919/4** **Општина Демир Хисар**
**02.11.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

516. Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ" бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 и член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (комулативно) за квартал 01.01.2016 до 30.09.2016 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (комулативно) за квартал 01.01.2016 до 30.09.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 894/5** **Совет на Општина Демир Хисар**
**31.10.2016 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 , 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отстапување на користење управување и одржување на водовод во Месна заедница Рудничка населба Сопотница**

1.Ја објавувам Одлуката за отстапување на користење, управување и одржување на водовод во Месна заедница Рудничка населба Сопотница донесена на 55-тата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-919/5** **Општина Демир Хисар**
**02.11.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

517.Врз основа на член 22 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) како и во согласност со член 15 став 4 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14) Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**За отстапување на користење управување и одржување на водовод во Месна заедница Рудничка населба Сопотница**

Член 1

Се врши преземање, отстапување на користење, управување и одржување на водоводот во Месна заедница Рудничка населба во населено место Сопотница од страна на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.

Член 2

Начинот на утврдување на меѓусебните права и обврски водоводот ќе се регулира со посебен договор меѓу ЈКП „Комуналец" Демир Хисар и корисниците на услугите во согласност со позитивните прописи.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-894/6 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 , 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување за користење на вода за пиење по м$^3$ за Месна заедница Рудничка населба Сопотница**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување за користење на вода за пиење по м$^3$ за Месна заедница Рудничка населба Сопотница донесена на 55-тата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-919/6 Општина Демир Хисар**
**02.11.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

518. Врз основа на член 22 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) како и во согласност со член 15 став 4 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14) Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување за користење на вода за пиење по м$^3$ за Месна заедница Рудничка населба Сопотница**

Член 1

Се утврдува цена за комунална услуга за користење на вода за пиење за населено место Рудничка населба Сопотница

1.Домаќинства во населеното место ------28 ден /м$^3$
2.Деловни и други стопански субјекти---47 ден /м$^3$

Член 2

Во случај на дефект на водомерот, корисникот е должен во рок од три (3) дена од денот на откривањето на дефектот писмено да го пријави во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, доколку корисникот не го пријави дефектот ќе плаќа надоместок утврден со паушал од страна на давателот на услугата.

Доколку дефектот настане по вина на корисникот пример (кршење на стакло, мрзнење и слично), а корисникот не пријави дефект надоместок ќе плаќа како е регулирано во став 1 на овој член.

Член 3

Корисниците на вода за градење на нови објекти или доградба кои немаат поставено водомери ќе плаќаат по 1% од вредноста на извршените градежни работи.

Член 4

Односите на давателите и корисниците на услуги ќе бидат регулирани со посебен договор изработен од давателот на услугата ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-894/7 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

----------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Решение за престанок на мандат на член на Совет-----------------------------------------------1
2. Решение за избор на Верификациона комисија-----------------------------------------1-2

3.Решение за верификација на мандат на новоизбран советник на општина Демир Хисар--------------------------------------------------2
4.Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџет на Општина Демир Хисар за извештајниот период (комулативно) за квартал 01.01.2016 до 30.09.2016 година-----------------------------3
5.Одлука за отстапување на користење управување и одржување на водовод во Месна заедница Рудничка населба Сопотница--------------------------------------3-4
6.Одлука за утврдување цена за користење на вода за пиење по м3 за Месна заедница Рудничка населба Сопотница---------------4

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**